**Универзитетот на Југоисточна Европа објавува:**

# О Г Л А С

## За избор/реизбор на две наставници во наставно – стручно звање виш лектор

## ЦЕНТАР ЗА ЈАЗИЦИ

Избор/реизбор на две наставници во наставно-стручно звање, виш лектор од областа на: Учење на странски јазик (англиски)

**II.Освен општите услови предвидени во Законот за високо образование на Р. Македонија и член 29 и 30 на Законот за изменување и доплонување на законот за високото образование(Службен Весник на Р.Македонија бр.15/2013), Статутот и Правилникот за избор и реизбор во наставно научно звање, соработник и наставно стручно звање на ЈИЕУ, кандидатите треба да ги исполнуват и следните услови:**

- За ова работно место пожелно е и познавање на албански, македонски и англиски јазик, но познавањето на најмалку два од горенаведените јазици на академско ниво (за предавање) е неопходно.
- Формулар за апликација на ЈИЕУ.
- Пропратно писмо во кое се наведува искуството на кандидатот, досие за истражување и аспирации за кариерата кои соодветствуваат со факултетот
- Целосна академска биографија (CV).
- Доказ за извонредност во наставата вклучувајќи но не ограничувајќи се на: 1) извештаи од опсервацијата на наставата 2) евалуацијата од студентите за предметите; 3) меѓуколегијална критика за наставата;
- Доказ за извонредност во истражувањето вклучително на 1) целосни копии од неодамнешните, главни изданија во регионални и меѓународни журнали; 2) фотокопии од поглавја во книги, академски рецензии, 3) копии од монографии, учебници, 4) преводи од европски јазици на локални јазици
- Доказ за заслуги во службата на институцијата, вклучително и на листа на членства во здруженија, асоцијации и сл.
- Доказ за користени стипендии/пракси за методологија и педагогија вклучително и на сертификати за успешно завршување на курсевите, програмите или обуките за професори или научни изданија во оваа област

**III. Почетокот,завршетокот и распоредот на работното време и паричниот износ (во нето износ:33,825 денари) за наставник се променливи и се определуваат во согласност со актите на Универзитеот според распоредот на наставата и наставната ангажираност на наставникот во семестарот и наставното-научно звање во кое е извршен изборот.**

**IV. За да се пријават на овој оглас, кандидатите треба да достават (само преку е-маил) : Пријавно писмо, С.В., и формуларот за апликација (може да се симне од веб – сајтот на универзитетот).**
**Диплома (магистратура), листа на нивната професионална и научна дејност и по една копија на првата рецензија (ако имаат),сите овие документи треба да се наведат во формуларот за доказ за поднесување на документацијата, која може да се симне од веб – сајтот на универзитетот, додека документите ќе бидат доставени по селекцијата на кандидатите кои ги исполнуват условите.**

Наведените документи можат да бидат оригинални или заверени на нотар.

**V. Рок за пријавување**
Рокот за доставување на апликаците е **8** дена од денот на објавувањето на конкурсот.
**Конкурсот е објавен од 04.11.2015 до 12.11.2015**

**Апликациите само преку е-маил**: jobs@seeu.edu.mk **(Валидна апликација ќе се смета само поплнета апликација која се наоѓа на веб страницата на универзитетот, во делот Огласи. Било кои други форми на апликации нема да се разгледуваат)**

**VI. Адреса**
Универзитет на Југоисточна Европа
Канцеларија за Човечки Ресурси
Бул. "Илинденска" бр. 335
1200 Тетово, Македонија
Контакт телефон: 044 356 087